**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 април 2021 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: март 2021 година

– Во март 2021 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** бележи месечен раст од 0,9%, којшто главно се должи на повисоките депозитни пари[3], при дополнителен позитивен придонес и на останатите компоненти. Годишната стапка на раст изнесува 9,4% и во најголем дел е резултат на зголемувањето на депозитните пари, при позитивно влијание и на краткорочните депозити и готовите пари во оптек, а во услови на остварен пад кај долгорочните депозити до две години.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[4,5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 2.2021 | 3.2021 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 2.2021 | 3.2021 | 2.2021 | 3.2021 |
| **Парична маса М4** | **455,834** | **468,912** | **469,050** | **486,989** | **488,223** | **491,717** | **8.9** | **9.8** | **6.9** | **6.9** | **8.2** | **7.9** | **0.8** | **0.7** |
| **Парична маса М3** | **403,714** | **416,935** | **418,556** | **436,231** | **437,578** | **441,478** | **8.3** | **9.7** | **7.6** | **8.0** | **9.7** | **9.4** | **0.8** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 37,891 | 41,125 | 41,667 | 43,701 | 43,293 | 43,350 | 21.3 | 26.3 | 24.9 | 21.0 | 23.2 | 14.4 | -0.3 | 0.1 |
| **Вкупни депозити** | **409,200** | **418,916** | **418,644** | **434,915** | **436,236** | **439,343** | **8.3** | **8.4** | **6.1** | **5.9** | **7.1** | **7.4** | **0.9** | **0.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 108,138 | 110,550 | 112,505 | 123,212 | 120,083 | 122,085 | 12.5 | 11.2 | 8.0 | 10.1 | 13.7 | 12.9 | 0.5 | 1.7 |
| *Во денари* | 75,876 | 77,609 | 79,641 | 86,323 | 82,885 | 85,618 | 13.8 | 9.3 | 5.4 | 5.4 | 9.7 | 12.8 | 0.1 | 3.3 |
| *Во странска валута* | 32,261 | 32,941 | 32,865 | 36,889 | 37,198 | 36,467 | 9.5 | 15.9 | 14.9 | 22.8 | 23.7 | 13.0 | 1.3 | -2.0 |
| Домаќинства | 275,574 | 280,512 | 278,469 | 285,216 | 289,395 | 289,941 | 8.6 | 8.7 | 6.1 | 4.6 | 5.2 | 5.2 | 1.3 | 0.2 |
| *Во денари* | 147,532 | 149,204 | 145,806 | 150,991 | 153,096 | 152,839 | 11.9 | 10.1 | 6.2 | 3.3 | 4.5 | 3.6 | 2.1 | -0.2 |
| *Во странска валута* | 128,042 | 131,309 | 132,663 | 134,225 | 136,299 | 137,102 | 5.1 | 7.1 | 6.0 | 6.2 | 5.9 | 7.1 | 0.5 | 0.6 |
| **Вкупни кредити** | **343,702** | **352,718** | **352,824** | **357,296** | **358,476** | **361,561** | **5.8** | **6.6** | **7.3** | **4.7** | **4.4** | **5.2** | **0.4** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 167,654 | 172,978 | 168,086 | 169,826 | 169,979 | 171,117 | 1.8 | 4.6 | 5.2 | 1.1 | 1.4 | 2.1 | 0.3 | 0.7 |
| *Во денари* | 103,597 | 106,688 | 101,925 | 102,688 | 102,910 | 103,024 | 0.4 | 3.3 | 2.7 | -0.9 | -0.5 | -0.6 | 0.3 | 0.1 |
| *Во странска валута* | 64,057 | 66,290 | 66,161 | 67,138 | 67,069 | 68,093 | 4.0 | 6.9 | 9.3 | 4.3 | 4.5 | 6.3 | 0.4 | 1.5 |
| Домаќинства | 174,634 | 178,384 | 183,431 | 185,814 | 186,847 | 188,697 | 10.1 | 8.8 | 9.5 | 8.0 | 7.1 | 8.1 | 0.5 | 1.0 |
| *Во денари* | 96,643 | 99,469 | 103,939 | 105,049 | 105,852 | 106,994 | 8.8 | 8.7 | 12.0 | 10.5 | 9.6 | 10.7 | 0.7 | 1.1 |
| *Во странска валута* | 77,990 | 78,916 | 79,492 | 80,765 | 80,995 | 81,703 | 11.9 | 8.9 | 6.4 | 5.0 | 4.1 | 4.8 | 0.4 | 0.9 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

[5] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

– Во март, **вкупните депозити**[6] остварија месечен раст од 0,7% со поголем придонес на депозитите на корпоративниот сектор, при помал, но позитивен придонес и на депозитите на секторот „домаќинства". Анализирано на годишна основа, вкупните депозити се повисоки за 7,4%, при речиси еднаков придонес на депозитите кај двата сектора.

– **Вкупните кредити**[7], во март, се зголемени за 0,9% и 5,2%, на месечна и годишна основа, соодветно, при зголемено кредитирање кај двата сектора, со поголем придонес на секторот „домаќинства".







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[8]




Извор: НБРСМ

[6] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.
[7] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1. јули 2019 година со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.
[8] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во март, кај вкупните **депозити на корпоративниот сектор** е забележан месечен раст од 1,7%. Нагорната промена, во најголем дел се должи на зголемувањето на депозитните пари, при помал раст и кај долгорочните и краткорочните депозити во денари, во услови на пад на краткорочните и долгорочните депозити во странска валута. Годишната стапка на раст изнесува 12,9%, главно под влијание на повисоките депозитни пари, при дополнителен позитивен придонес и на краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, а во услови на пад кај останатите компоненти.

– **Кредитите на корпоративниот сектор**[9], во март, се повисоки за 0,7% на месечно ниво, главно како резултат на кредитирањето во странска валута, а позитивен придонес имаа и кредитите во денари. Во споредба со истиот период минатата година, кредитите на корпоративниот сектор се зголемија за 2,1%, во целост како резултат на растот на кредитите во странска валута.



Депозити на домаќинства, по валута
(месечни промени во мил. денари и годишни стапки во %)



Кредити на корпоративен сектор, по валута
(месечни промени во мил. денари и годишни стапки во %)

Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[10]



Депозити и кредити на домаќинства
(месечни промени во мил. денари и годишни стапки во %)

Извор: НБРСМ.

---

[9] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.

[10] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Во март, вкупните **депозити на домаќинствата** забележаа месечно зголемување од 0,2%, целосно под влијание на краткорочните депозити во странска валута, а во услови на пад кај останатите компоненти. На годишна основа, депозитите на домаќинствата се повисоки за 5,2%, како резултат на зголемувањето на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута, при забележан пад кај останатите компоненти.

- **Кредитите на домаќинствата,** во март, остварија месечен и годишен раст од 1,0% и 8,1%, соодветно. Порастот по двете основи во најголем дел произлегува од кредитирањето во денари, но дополнителен позитивен придонес имаат и кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 2.2021 | 3.2021 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 2.2021 | 3.2021 | 2.2021 | 3.2021 |
| Потрошувачки кредити | 93,440 | 94,982 | 97,850 | 98,772 | 98,601 | 99,721 | 13.5 | 10.0 | 9.9 | 6.9 | 6.0 | 6.7 | 0.6 | 1.1 |
| Станбени кредити | 52,959 | 54,392 | 55,985 | 58,306 | 59,229 | 59,901 | 13.9 | 13.8 | 14.0 | 13.6 | 12.7 | 13.1 | 1.2 | 1.1 |
| Автомобилски кредити | 306 | 292 | 291 | 282 | 267 | 263 | -4.1 | -8.6 | -7.9 | -10.9 | -13.0 | -14.0 | -3.3 | -1.5 |
| Кредитни картички | 11,570 | 11,508 | 11,649 | 11,205 | 10,644 | 10,539 | -4.5 | -4.2 | -2.6 | -6.1 | -9.2 | -8.9 | -2.3 | -1.0 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,499 | 6,205 | 6,280 | 5,818 | 6,258 | 6,399 | -4.8 | -9.4 | -10.8 | -5.0 | -9.3 | -1.5 | -1.5 | 2.3 |
| Други кредити | 3,969 | 3,946 | 3,912 | 3,871 | 3,763 | 3,736 | -6.7 | -6.4 | -6.7 | -6.0 | -6.7 | -5.8 | -1.0 | -0.7 |

Извор: НБРСМ.

- Во март, гледано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, **потрошувачките и станбените кредити**, како најзастапени категории, бележат месечен раст за 1,1%, соодветно, како и годишен раст од 6,7% и 13,1%, соодветно. **Автомобилските кредити** остварија месечно и годишно намалување од 1,5% и 14,0%, соодветно. И кај кредитите одобрени на **кредитни картички**, овој месец, е забележан пад на месечна и годишна основа, за 1,0% и 8,9%, соодветно. Во март, **негативните салда на тековните сметки** се зголемија за 2,3% на месечно ниво, а на годишно ниво тие се намалени за 1,5%. Кредитите одобрени врз **други основи,** во март, бележат месечен и годишен пад од 0,7% и 5,8%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 мај 2021 година (референтен пресек заклучно со април 2021).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).